Образец за извештај за реализиран проект
во областа на меѓународната соработка

Овој дел се пополнува по реализацијата на проектот

Име / Назив на носител на проектот	НУУБиблиотека „Гоце Делчев„
Лице одговорно за проектот	Милена Ристова Михајловска
Адреса	Ул.Вита Поп Јоранова бр 5 Штип
телефон/е-адреса	032 391 247
	nub_gocedelchev@yahoo.com
Наслов на проектот:	Промоција на стари и ретки книги на старотурски и на старословенски јазик во библиотеката во Истанбул Турција
Држава и период на реализација:	
Проектот е од областа на (заокружи)	- билатералната соработка -Македонски културен центар - Њу Јорк -Културно – информативен центар - Софија - мултилатералната соработка -УНЕСКО и други меѓународни организации -евроинтеграциските процеси во културниот сектор и културните политики -Програма Култура 2007-2013 (поддршка на проектите кои се веќе одобрени од страна на Европскиот парламент)
Дејност на проектот (заокружи)	-заштита на културно наследство -библиотечна дејност -музејска дејност -издавачка дејност и литература -аудиовизуелна дејност и заштита - музичка и музичко-сценска дејност -традиционална фолклорна уметност (дејност) -драмска дејност -ликовна уметност и галериска дејност
Број на ангажирани лица во реализацијата на проектот	3
Реализирани цели и ефекти на проектот	Со реализација на овој проект ја постигнавме целта пред меѓународната јавност, односно пред аудиториумот од областа на културата во Турција, да ги претставиме „подзаборавените“старотурски книги што се чуваат во нашата библиотека. Ефектите водат кон тоа дека се појави интерес од нивна страна за да се вклучат во идни проекти со кои би се конзервирале и каталогизирале овие книги.

Краток наративен опис на реализираниот проект	Со реализацијата на проектот „Промоција на стари и ретки книги на старотурски јазик и старословенски јазик од архивата на НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип во библиотека во Турција“, библиотеката се стекна со ново искуство и релации со библиотеки од други земји, кое искуство може да се искористи за понатамошна соработка со цел збогатување на националното богатство на Република Македонија. Со посетата на библиотеки во Турција се одржа промоција на стари и ретки книги од архивите на штипската библиотека изложени во копии на турската јавност во просториите на библиотеките. Посетата беше искористена за размената на историски факи и културни богатства меѓу двете државни со заемна историја и култура, како и воспоставени контакти за заедничко учество на библиотеките во општествените збиднувања со можност за аплицирање на европски проекти од областа на архивите и библиотеките. Со размената на искуствата може да се овозможи подигање на повисок степен со културните институции, пред се, библиотечната дејност. Воспоставени се првични односи со цел размена на библиотечни материјали за зближување на нациите и достапност на литературата на заинтересираните страни на двете држави. На тој начин искуствата ќе иницираат и промоција на македонската култура и примена на достапниот материјал за истражувачка работа. Заедничко учество на библиотеките во сродните општествени збиднувања се подлога и за аплицирање на европски проекти од областа на културата и истражувачката работа, при што се очекува изготвување нацрт на предлог проект кој во следната година би се аплицирал до Европска програма за архиви и билиотеки од страна на тимот што ќе ја посети библиотеката. За проектот беа изработени копиии на книги на старотурски јазик и старословенски јазик како и каталог за изложбата на книгите. Беше ангажирана тричлена делегација од НУ-УБ „Гоце Делчев“- Штип, која ги подготви и ги селектираа книгите кои се раритетни и интересни за турската јавност, и од

	08-11.06.2017 година, воспостави контакт со библиотеки во Истанбул и Кирклареli во Турција. При посетата на библиотеките беше промовирана нашата библиотека и беа претставени фотографии и копии од отомански книги кои се чуваат во нашата библиотека. Домаќините беа заинтересирани за овие книги и по подолг разговор се создаде простор за понатамошно продлабочување на соработката и можност за заштита на книгите од нивна страна како наше национално богатство. Во библиотеките во Турција го истражувавме библиотечниот фонд со кој располагат и начинот на работа на библиотекарите со можност позитивното искуство да го примениме во нашата библиотека. Размената на искуства со библиотекари и истражувачи од Турција можат да допринесат за идни активности на двете библиотеки како и можност за балканска програма за заедничко учество на библиотеките во истражувачка работа со можност за аплицирање заедно на европски проекти од областа на архивите и библиотеките.
Добиени награди / признанија	/
Медиумска покриеност	Посетата ја покрија сите локални и регионални медиуми, како и сајтовите од областа на културата, нашата и општинската веб-страна и др.
Остварени контакти и можни идни партнерства	Остварени се контакти со Министерството за култура на Р. Турција преку лицата и менаџерскиот тим од Библиотеката што беше посетена, како и контакти со Општина Едрене која најинтензивно и најпрофесионално се занимава со оваа проблематика.
Број на посетители	Три лица

Структура на приходи

Извори на финансирање	Средства
Министерство за култура	100,000
Локална самоуправа	

Сопствено учество	
Спонзорства	
Донации	
Друго	
ВКУПНО	100,000

Структура на расходи

Патни трошоци (локален и меѓународен транспорт)	**23,000**
Хотелско сместување	**47,000**
Дневници	
Транспорт и осигурување	**2,000**
Изработка и печатење на пропаганден материјал	**5,994**
Изработка и печатење на каталог	**5,994**
Изнајмување на простор	
Изнајмување на опрема	
Коктели за отворање и затворање	
Авторски и други надоместоци за уметниците и други лица вклучени во реализацијата на проектот	**16,000**
Административни трошоци (канцелариски материјали и комуникациски трошоци)	
Други трошоци наведени по намени	
ВКУПНО	**99,988**

Забелешка

* Задолжително за секој проект одделно, покрај пополнетиот образец да се приложат копии од исплати (склучени договори со кои е регулирана исплатата на авторските и други надоместоци, сметки, фактури, банкарски изводи), како и примероци од каталог, промотивни материјали, награди, дипломи кои се однесуваат на реализираниот проект.

* Износот на приходите од Министерството за култура мора да е еднаков со расходите.

Подготви	Раководно лице
Руменова Анита	Милена Ристова Михајловска
Датум: 31.12.2017	М.П.